

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“
ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2021 година – ЈАНУАРИ 2022 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

На 18.10.2020 година, денот кога Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител прославуваше 1000 години од своето постоење, на Здружението „Бадникови поворки“ му беше доделен Орден Претеча II Ред. Ова бесценото признание кое ни беше доделено им го посветуваме на околу 15 илјади деца и нивните семејства од над 40 градови и населени места во Македонија, на плејада пејачи и музичари, актери и други уметници, ансамбли, продукциски куќи, медиуми и компании кои во Бадниковите поворки препознаа вистинска вредност и шанса во ова тешко време на технолошка опседнатост кај децата, да разбудиме љубов, радост и живост, да ги возобновиме и да им ги пренесеме вистинските православни традиции поврзани со Христовото Раѓање. Овој Орден исто така го посветуваме и на Бигорскиот Манастир и на нашата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, без чиј благослов, поддршка и совети не ќе можевме со сигурност да кажеме дека сме на патот на Вистината.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец април 2021-та година беше регистрирано во Регистарот на вистински сопственици при Централниот регистар на РСМ.

2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната

календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2021-та година и на почетокот на 2022-та година.

3. Реализирани активности во текот на 2021-та година и во месец јануари 2022 година.

3.1. Со оглед на состојбата со пандемијата предизвикана од вирусот Ковид – 19, а согласно предвидените мерки за заштита на населението и оваа година беше одлучено активностите на Здружението „Бадникови поворки“ да бидат прилагодени на постоечките услови и мерки предвидени од надлежните власти. За таа цел, Здружението „Бадникови поворки“ забрани јавни повици за било какво групирање односно организирање на групи луѓе, заради заштита на јавното здравје и здравјето на најмилите учесници на поворките, а тоа се децата.

Наместо организирање на бадникови поворки, се потрудивме нашите напори во прв ред да ги насочиме кон организирање на хуманитарна акција за помош на социјално загрозените семејства. На тој начин, Бадниковите поворки се обидоа и оваа тешка година да донесат радост и да пренесат љубов во текот на празничниот период, особено на оние на кои тоа им беше најпотребно.

Во текот на втората половина од 2021 година членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на хуманитарната акција на која и дадовме наслов: „Црвен тепих на хуманоста“ и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на договорените активности.

На состаноците беше одлучено хуманитарната акција „Црвен тепих на хуманоста“ да се спроведе во повеќе градови/населени места во периодот од 28.12.2021 година до 05.01.2022 година, односно во пред Божикниот период согласно можностите на организаторите од секој град.

Членовите на Здружението се согласија хуманитарната акција да опфати поставување на црвен тепих на најфрекфентните места во градовите, кој ќе биде поставен покрај Божикна пештера, која ја симболизира Витлеемската пештера во која се родил Исус Христос. Беше предложено и прифатено на

црвениот тепих да се собираат донации во вид на нерасиплива храна, која што по завршување на акцијата да биде поделена на социјално загрозените семејства. Притоа членовите на Здружението направија список со семејства на кои што ќе се дели собраната храна, кој список беше отворен за пријавување во текот на целата акција.

Членовите на Здружението сметаа дека на овој начин, преку организирање на вакви хуманитарни акции низ повеќе градови во Македонија, ќе може да се помогне барем во текот на празничните денови сите семејства да имаат доволно храна и да можат радосно да го дочекаат Христовото раѓање.

Покрај овие идеи, никако не се заборави на една од најважните активности на Здружението, која се практикува веќе 6-та година по ред, а тоа е возобновување на православните божикни песни кои што некогаш се пееле на ова наше поднебје. За таа цел, беа превземени активности за возобновување на Божикната каланда со наслов „Божикна серенада“.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението, и во текот на оваа година беа активни следните профилите на социјалните мрежи: Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ, Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram, како и YouTube каналот Badnikovi Povorki.

3.3. Поконретно, во текот на втората половина на 2021 година и почетокот на 2022-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- Во текот на месец декември 2021 година во студиото „Алшар“ во Скопје се реализираше снимање на овогодинешната возобновена Божикна песна „Божикна серенада“. Довербата да ја овековечат во студио, им припадна на пејачите: Влатко Лозаноски, Никола Перевски – Пере, Стефан Филиповски и Димитар Андоновски и на инструменталистите: Страшо Темков - флејта, Петар Христов - кларинет, Александар Тасевски - фагот, Иван Еминовиќ - клавијатури, Весна Станоевска Миќиќ - харфа, Тимко Чичаковски - канон, Антоние Весковски

- перкусии, Владимир Цветковски - виолина, Гоце Вангеловски - виолина, Владимир Димовски - виола, Кирил Јосифов - виолончело, Митко Иванов - контрабас. Снимање, миксање и мастеринг: студио „Алшар“, музички инжинер: Ивица Јанкуловски, оркестрација и аранжман: Владимир Димовски.

➢ Им изразуваме неизмерна благодарност до сите учесници во снимањето на песната, кои со благослов на Бигорскиот манастир и Владиката Партениј, со најголема љубов земаат учество во реализацијата на ова дело.

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците кои доброволно го дадоа својот придонес во остварувањето на оваа активност:

Никола Перевски Пере: *„Традицијата за возобновување на Божикни песни по идеа на Бигорскиот манастир и со благослов на Владиката Партениј продолжува и оваа година. Овој пат на мое огромно задоволство и јас станувам дел од прекрасниот тим кој години наназад е вклучен во овој народен, духовен и културен проект. И оваа година календата во себе го носи специфичниот византиски богат мелос, а мене лично многу впечатлива ми е и содржината на календата.“*

Влатко Лозаноски: *„Во оваа песна се зборува за една млада девојка која што е опеана како гулабица и таа гулабица, таа млада девојка за претстојната празнична богослужба задремала, но коледарите со песна сакаат едноставно да ја разбудат таа гулабица.“*

Стефан Филиповски: *„И во оваа календа возрасните коледари одат од куќа на куќа не само за Бадник, туку и за целиот седумдневен период заклучно со празникот Свети Василиј и Новата година и весело ги повикуваат домаќините да појдат на црква каде што ќе го пречекаат Христовото раѓање и од таму го земаат благословот кој го пренесуваат во нивните домови.“*

Димитар Андоновски: *„Има едно интересно толкување што излегува од самата содржина на календата. Имено, се вели: „Домаќине, пред икона кандило златно имаш ти, ај да ставиш масло и вода, од тоа ќе ти свети в куќи. Ако ставиш чисто масло ќе ти свети цела маала“. Па си велам коледарите како сите нас да не повикуваат да си ставиме чисто масло во*

своето кандило односно во душите наши, па така сите со радост да се подготвиме за да го пречекаме празникот на Христовото раѓање.“

Владимир Димовски: *„Сакам да упатам огромна благодарност до Бигорскиот манастир и до отец Партениј што и оваа година не удостои да направиме една прекрасна божикна песна со наслов „Божикна серенада“ која што е направена во 9/8 и е многу блиска до нашиот мелос. Тоа се надеваме дека ќе допре до срцата на нашиот народ и дека ќе им ги разубавиме празниците на сите луѓе и дека ќе се роди љубов и спокој во нивните домови.“*

➢ **Хуманитарна акција „Црвен тепих на хуманоста“.** Хуманитарната акција за собирање на нерасиплива храна за социјално загрозените семејства беше спроведена во текот на деновите од 26.12.2021 година до 07.01.2022 година во неколку градови низ Македонија.

➢ Распоредот на спроведување на акцијата беше следен:

- 26.12.2021 година во Штип;
- 28.12. – 29.12.2021 година во Кичево;
- 28.12. – 29.12.2021 година во Крушево;
- 28.12. – 30.12.2021 година во Скопје;
- 28.12. – 31.12.2021 година во Виница;
- 30.12.2021 година во Струга;
- 03.01. – 04 01.2022 година во Кочани;
- 03.01. – 05.01.2022 година во Битола;
- 03.01. – 05.01.2022 година во Демир Капија;
- 03.01. – 05.01.2022 година во Прилеп;
- 03.01. – 05.01.2022 година во Гостивар;
- 03.01. – 05.01.2022 година во Тетово;
- 04.01.2022 година во Охрид;
- 04.01.2022 година во Дебар;
- 04.01.2022 година во Ресен;
- 04.01. – 06.01.2022 година во Македонски брод
- 04.01. – 07.01.2022 година во Велес и
- 05.01.2022 година во Свети Николе.

Наши ѕвезди на „Црвениот тепих на хуманоста“ беа сите граѓани, здруженија и фирми кои несебично донираа храна со која помогнаа да ја остваримe нашата цел, за социјално загрозените семејства во текот на празничните денови да имаат доволно храна и да можат радосно да го дочекаат Христовото раѓање. ***Изразуваме огромна благодарност за секоја донација.***

Во продолжение споделуваме информации само за дел од добиените донации:

- Првата поголема донација на Црвениот тепих на хуманоста во Скопје, пристигна од компанијата Жито Лукс АД Скопје.



- АЛ-МАКС Струмица ја покажаа својата хуманост на дело преку донација на пакети со масло за јадење „Бисер“ на Црвениот тепих на хуманоста во Скопје.



- KOLID FOODS со својата донација во Скопје донесоа радост на многу дечиња.



- Во овој дел изразуваме голема благодарност до фирмата Tesla LED ДООЕЛ Скопје за укажаната помош во реализацијата на Црвениот тепих на хуманоста во Скопје.

- Благодариме за донацијата од Систина Офталмологија – Штип и Тринити Медиа – Штип, кои несебично донираа пакети на Црвениот тепих во градот Штип.





- Во градот Штип не заборавија ниту на нашата прекрасна традиција за изработка на Бадникови колачиња со форма на бебето Исус. За таа цел изразуваме огромна благодарност до ЦПЛИП ,,ПОРАКА" – Штип кои подготвија празнични колачиња за нивните сограѓани од социјално загрозените семејства, на кои тие им беа поделени заедно со пристигнатите донации од храна.

- Информацијата за донација од страна на учениците од ОУ „Св.Наум Охридски" во Пештани, ги стопли нашите срца. Имено учениците од ова училиште наместо за новогодишна забава, последниот училишен ден го искористија за да учествуваат со свои донации на Црвениот тепих на хуманоста во градот Охрид. Неизмерно им благодариме за покажаната хуманост.



- Во продолжение споделуваме уште фотографии со донации на Црвениот тепих на хуманоста во градовите низ Македонија:











➢ По завршување на хуманитарните акции, собраните донации беа сортирани и распределни во пакети, кои беа доставени до социјално загрозените семејства пред празникот Божик:





➢ На ден 30.12.2021 година на нашиот официјален YouTube канал беше објавен спот за песната „Вечниот Бог“ со толкување на знаковен јазик, како еден

вид подарок од Бадниковите поворки за глувите лица. Во овој дел изразуваме голема благодарност до Викторија Волак – сертифициран знаковен толкувач, која несебично помогна за реализација на ова добро дело, втора година по ред.

- Во текот на месец декември 2021 година, во градот Битола се снимаше спотот за Божикната песна „Божикна серенада“. За реализација на оваа активност, се погрижија: режија - Дејан Пројковски и Горан Наумовски, директор на фотографија - Горан Наумовски, камера оператор - Стојан Стојановски, асистент на камера: Александар Котевски, продукција: 2C Студио Стојан Стојановски. Свое учество во спотот земаа: Никола Стефанов, Благица Пупуноска, Ања Сливоски, Соња Михајлова, Митко С. Апостоловски, КУД - Илинден Битола и многу статисти.
- Овој видео запис ја оживува серенадата преку една прекрасна божикна песна којашто на најубав начин ја покажува православната традиција и семејните вредности на македонскиот народ. Низ една филмска приказна не' враќа во минатото на Битола, градот којшто серенадата ја има како дел од својата културна традиција.
- Божикната серенада во себе го носи специфичниот богат византиски мелос. Ја пееле возрасните коледари коишто оделе од куќа до куќа и весело ги повикувале домаќините да одат во црква, таму да го прослават Раѓањето Христово и потоа да го понесат големиот благослов дома.
- Ова дело ќе остане вечен сведок за мисијата на Бигорскиот манастир и Бадникови поворки како народен, културен и духовен проект.
- *Од се срце им се заблагодаруваме на сите учесници, кои доброволно го дадоа својот придонес, поддршка и помош за изработка на видео спотот.*

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците:

Дејан Пројковски - режисер: *„Голема чест и задоволство е за мене да бидам дел од авторскиот тим кој што го работи спотот за Божикната серенада кој што ја работиме со благослов на Владиката Партениј од манастирот Бигорски. Мислам дека овие неколку денови се обидовме да ја оживееме серенадата преку една прекрасна божикна песна која што мислам дека на еден прекрасен начин ќе ја покаже традицијата и семејните вредности на македонскиот народ. Со овој спот ќе се вратиме малку во*

времето преку една филмска приказна која што се одвива во Битола, во градот кој што ја има серенадата како дел од својата културна традиција, но и се она што значи еден старограден начин на живот во Битола, се разбира и во другите градови, но мислам дека Битола беше одлична локација за овој спот кој што мислам дека ги има во себе некако сликите кои што ги носиме сите во себе кога зборуваме за серенада, кога зборуваме за Божик, за сите тие вредности кои што сите ние сме ги наследиле и кои што ќе ги носиме во себе.“

Соња Михајлова: *„Почестена сум што сум дел од овој проект кој значи навраќање, филмување, на некогашниот дух на наша стара Битола, оној дух по кој што нашиот град е надалеку познат и опеан. Аристократскиот дух на Битола, кога велам аристократскиот дух секако не мислам на она аристократско богатство што се провејувало во битолските куќи. Пред се мислам на оној аристократски дух што во суштина значел многу почит, многу традиција и многу култура. Навраќање на едно време во кое и биењето на градскиот саат и биењето на камбаните на црквите низ градот и звукот на пајтонот низ Битолската чаршија навистина ја направиле Битола она што до ден денешен го чувствуваме, град на почит, на традиција. Град во кој големите празници како што е Божик, како што е Велигден, се почитуваат со чест и слава, не само на Бог, туку на човекот и на сите граѓани во градот.“*

Благица Пупуноска: *„Оваа каланда зборува за една млада девојка, гулабица, и таа девојка дремнала малку повеќе за време на празничната богослужба и се успала, а сега коледарите одат и ја будат. Во таа девојка како да го гледам секој човек т.е. секој од нас како да подзаспал за Бога. Време е да се разбудиме, да го прославиме Неговото присуство со добри дела ама најмногу со љубов за секого, за силните и слабите, за големите и малите, за различните од нас и за оние што не мислат како нас, секого да прегрнеме и секому да подариме љубов.“*

➢ Во продолжение споделуваме неколку фотографии кои ја пренесуваат пријатната атмосфера која владееше во текот на снимањето на песната и на спотот:











- Спотот беше промовиран на нашиот YouTube канал на 06.01.2022 година.

4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр.24/2003) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2021 година не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2021 година.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец април 2022 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје